Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-315/2
11.06 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (“Службен весник на РМ” бр.82/2018) и член 37 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст) и согласно Одлуката за измени и дополнувања на Правилникот за изработка и издавање на документи на студенти бр. 08-315/1, Наставничкиот Совет на својата седница 48 одржана на 11.06.2025 го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## за изработка и издавање документи на студенти

### I. Предмет на уредување

**Член 1**

Со Правилникот за изработка и издавање документи на студенти (во натамошниот текст: Правилник) се утврдуваат документите кои Бреинстер Некст, им ги издава на студентите, како и условите и начинот на нивно изработување и издавање.

### II. Видови документи

**Член 2**

Бреинстер Некст ги издава следните документи:

1. Идентификациска картичка/индекс
2. Потврда за редовен студент
3. Потврда за вонреден студент
4. Исписница на студент од Бреинстер Некст
5. Документ за постигнат успех
6. Диплома за завршен прв циклус на студии
7. Диплома за завршен втор циклус на студии
8. Додаток на дипломата за стекнато високо образование
9. Уверение за положени испити од прв циклус
10. Уверение за положени испити од втор циклус

### III. Карактер на документите и начин на нивно издавање

**Член 3**

Сите документи од член 2 на овој Правилник, освен документот за постигнат успех, се издаваат како официјални документи.

Идентификациска картичка/индексот, која служи за претставување на студентот, Бреинстер Некст му ја издава на секој студент најдоцна 45 дена од денот на неговото запишување на соодветната студиска програма.

На писмено барање, документите од член 2, точка 2 и 3 од овој Правилник му се издаваат на студентот во секое време.

Исписница на студент од Бреинстер Некст му се издава на негово писмено барање.

Документите од член 2, точките 6, 7, 8, 9 и 10 од овој Правилник на студентот му се издаваат во време и на начин утврдени во одделни членови од овој Правилник.

Во случај на губење или оштетување на документите од ставовите 2, 3, 4 и 5 од овој член, студентот може да добие нивни дупликат врз основа на негово писмено барање и на начин утврден со овој Правилник.

Документот за постигнат успех претставува преглед на положени испити на студентот во текот на претходниот семестар и се издава како неофицијален документ.

Документот за постигнат успех му се издава на секој студент, по негово барање, најдоцна до почетокот на следниот семестар со негово доставување (предавање):

- лично на студентот;
- по пошта на родителот (старателот) на студентот, ако тоа е утврдено во Договорот за студирање.

По исклучок од одредбата на став 8 алинеа 2 на овој член, документот за постигнат успех може да се достави до родител (старател) на студентот, независно дали тоа било предвидено со договорот за студирање, ако студентот покажува незадоволителни резултати во студирањето.

## IV. Изработка и време на издавање документи за студирање

### IV.1 Диплома за завршен прв циклус на студии

### Член 4

Бреинстер Некст издава диплома за стекнато високо образование од прв циклус стручни студии, односно диплома за завршен прв циклус на стручни студии.

Дипломата се изработува согласно одредбите пропишани во Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (“Службен весник на РСМ, бр. 67 од 28.3.2025 година).

Дипломата од став 1 на овој член се издава по завршување на сите обврски на студентот по студиската програма за добивање на високо образование од прв циклус. Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв циклус и се стекнал со соодветен стручен назив.

Свечено доделување на дипломи се врши еднаш во годината. Директорот на Бреинстер Некст може да определи дополнителен термин за свечено доделување на дипломи.

Бреинстер Некст му издава на студентот само една диплома.
Во случај студентот да ја загуби или оштети дипломата, Бреинстер Некст на негово барање му издава диплома со ист сериски број на која стои ознака "дупликат".

## IV.2. Диплома за завршен втор циклус на студии

### Член 5

Бреинстер Некст издава диплома за стекнат високообразовен степен од втор циклус специјалистички студии, односно диплома за завршен втор циклус на студии.
Дипломата се изработува согласно одредбите пропишани во Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи ("Службен весник на РСМ, бр. 67 од 28.3.2025 година).
Дипломата се издава по завршување на сите обврски на студентот по студиската програма за втор циклус студии. Со дипломата се потврдува дека студентот ја завршил студиската програма од втор циклус и се стекнал со стручен назив – специјалист по соодветната област.
Свечено доделување на дипломи се врши еднаш во годината. Директорот на Бреинстер Некст може да определи дополнителен термин за свечено доделување на дипломи.
Бреинстер Некст му издава на студентот само една диплома.
Во случај студентот да ја загуби или оштети дипломата, Бреинстер Некст на негово барање му издава диплома со ист сериски број на која стои ознака "дупликат".

## IV.3. Додаток на дипломата за стекнато високо образование

### Член 6

Бреинстер Некст издава додаток на дипломата за стекнато високо образование .
Додатокот на дипломата е составен дел на дипломата и содржи податоци за имателот на дипломата, информации кои поблиску ја определуваат квалификацијата, нивото на квалификацијата, постигнатите резултати, како и податоци за академските и професионалните можности, кои ги дава квалификацијата и информации за националниот високообразовниот систем.
Додатокот на дипломата се изработува и ги содржи елементите во согласност со одредбите на Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи ("Службен весник на РСМ, бр. 67 од 28.3.2025 година).
Бреинстер Некст му издава на студентот еден додаток на дипломата.
Во случај студентот да го загуби или оштети единствениот примерок од додатокот на дипломата, Бреинстер Некст на негово барање му издава нов додаток на диплома на кој стои ознака "дупликат".

## IV.4. Уверение за положени испити од прв циклус

### Член 7

Бреинстер Некст издава уверение за завршениот дел од студиската програма за прв циклус, односно уверение за положени испити од прв циклус.

Уверението се изработува на начин и ги содржи елементите што се утврдени Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи ("Службен весник на РСМ, бр. 67 од 28.3.2025 година).

Уверението може да се издаде за делумно реализирана студиска програма, како и за целосно реализирана студиска програма.

Уверение за делумно реализирана студиска програма од прв циклус се издава на лично барање на студентот во случај кога студентот се испишува од Бреинстер Некст.

Уверението за целосно реализирана студиска програма од прв циклус се издава по завршување на студиската програма од прв циклус и е составен дел на додатокот на дипломата.

Во уверението се содржани сите положени и признати трансфер предмети со наведување на документот за нивно признавање. Оценката за извршената практична настава се наведува описно ( положил / не положил ).

Оценката за одбранетиот завршен (дипломски) труд се наведува описно (со успех / со особен успех).

Бреинстер Некст издава само едно уверение.

Во случај студентот да го загуби или оштети уверението, Бреинстер Некст на негово барање му издава ново на кое стои ознака "дупликат".

## IV.5. Уверение за положени испити од втор циклус

### Член 8

Бреинстер Некст издава уверение за завршениот дел од студиската програма за втор циклус – уверение за положени испити од втор циклус.

Уверението од став 1 на овој член се изработува на начин и ги содржи елементите што се утврдени со Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи("Службен весник на РСМ, бр. 67 од 28.3.2025 година).

Уверението може да се издаде за делумно реализирана студиска програма како и за целосно реализирана студиска програма.

Уверение за делумно реализирана студиска програма од втор циклус се издава на лично барање на студентот во случај кога студентот се испишува од Бреинстер Некст.

Уверението за целосно реализирана студиска програма од втор циклус се издава по завршување на студиската програма од втор циклус и е составен дел на додатокот на дипломата.

Во уверението од став 1 од овој член се содржани сите положени и признати трансфер предмети со наведување на документот за нивно признавање.

Оценката за одбранетиот завршен (специјалистички) труд се наведува описно (со успех / со особен успех).

Бреинстер Некст издава само едно уверение .

Во случај студентот да го загуби Уверението, Бреинстер Некст на негово барање му издава ново на кое стои ознака “дупликат”.

## IV.6. Услови за издавање на документи за студирање

### Член 9

Студентот што е запишан на прв циклус студии може да добие диплома за завршено високо образование од прв циклус и додаток на диплома, доколку ги исполни следните услови:

- да има освоено најмалку 180 ЕКТС кредити
- да има успешно одбранет дипломски труд
- да има комплетна документација во досието
- да ја има вратено позајмената литература од библиотека
- да ги има подмирено финансиските обврски кон Бреинстер Некст по која било основа согласно одредбите на договорот за студирање, освен во случаите кога студентот е корисник на моделот “Студирај сега, плаќај по вработување”

Студентот што е запишан на втор циклус специјалистички студии може да добие диплома за завршено високо образование од втор циклус и додаток на диплома, доколку ги исполни следните услови:

- да има освоено најмалку 60 ЕКТС кредити од втор циклус студии
- да има успешно одбранет специјалистички труд
- да има комплетна документација во досието
- да ја има вратено позајмената литература од библиотека
- да ги има подмирено финансиските обврски кон Бреинстер Некст по која било основа, согласно одредбите на договорот за студирање, освен во случаите кога студентот е корисник на моделот “Студирај сега, плаќај по вработување”

Уверение за завршениот дел од студиската програма за прв/втор циклус за делумно реализирана студиска програма се издава на лично барање на студентот во случај кога тој се испишува од Бреинстер Некст и под услов :

- да ја има вратено позајмената литература од библиотека
- да ги има подмирено финансиските обврски по која било основа, согласно одредбите на договорот за студирање и договорот за прекин на студии и регулирање на долгот, ако постои таков.

Уверението за целосно реализирана студиска програма од прв/втор циклус му се издава на студент доколку се исполнети условите наведени во став 1, односно став 2 од овој член.

## V. Јазик на кој се издаваат диплома, додаток на дипломата и други јавни исправи

### Член 10

Кога наставата на соодветната студиска програма се изведува на македонски јазик, дипломата, додатокот на дипломата и другите јавни исправи се печатат на македонски јазик, на кирилица.

Кога наставата на соодветната студиска програма се изведува на англиски јазик, дипломата, додатокот на дипломата и другите јавни исправи се печатат на македонски јазик, на кирилица и на јазикот на кој се изведува наставата – англиски јазик, согласно важечките законски прописи во Република Северна Македонија.

## VI. Постапка за прогласување на некој документ неважечки и за негова замена со дупликат или копија

### Член 11

Сите официјални документи кои ги издава Бреинстер Некст, може да се прогласат за неважечки и да се заменат со дупликат или копија, доколку се утврди дека постојат причини за тоа.

Причините и можноста за прогласување на некој документ за неважечки и за негова замена со дупликат или копија, ги утврдува Директорот на Бреинстер Некст.

За да се прогласат за неважечки документите од став 1 од овој член, потребно е претходно да бидат огласени во Службен весник на РСМ.

Директорот донесува одлука за прогласување на документот за неважечки во кој ги наведува причините за прогласување некој документ за неважечки и за негова замена со дупликат или копија.

## VII. Начин на евидентирање на издадените оригинални документи и копии од издадени документи

**Член 12**

Сите официјални документи кои ги издава Бреинстер Некст се евидентираат во деловодникот на Бреинстер Некст како и во главната книга на дипломирани студенти на прв / втор циклус, која се води посебно за секоја студиска програма.

Во главна книга на дипломирани студенти на прв циклус се евидентираат :

- Диплома за стекнато високо образование од прв циклус
- Додаток на диплома за стекнато високо образование од прв циклус

Уверението за завршениот дел од студиската програма за прв циклус е составен дел на додатокот на дипломата.

Во главна книга на дипломирани студенти на втор циклус се евидентираат:

- Диплома за стекнато високо образование од втор циклус
- Додаток на диплома за стекнато високо образование од втор циклус

Уверението за завршениот дел од студиската програма за втор циклус циклус е составен дел на додатокот на дипломата.

Поништениот документ се евидентира како неважечки во книгите во кои претходно бил евидентиран (деловодник, матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти) со ставање на печат "поништено".

## IX. Завршни одредби

**Член 13**

Одредбите од овој Правилник се применуваат за сите акредитирани студиски програми на Бреинстер Некст.

**Член 14**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето. Правилникот да се достави до директорот, членовите на Наставничкиот Совет, администрацијата за студентски прашања, референтот за изработка и издавање на уверенија и дипломи, и до архивата на Бреинстер Некст Скопје

**Наставнички Совет на**
**Бреинстер Некст Скопје**
**Директор**
**М-р Анја Марија Макеска**